[redacted]

**До: Општина Демир Хисар**
(имател на информацијата)

**Б А Р А Њ Е**
**за пристап до информации од јавен карактер**

Од: [redacted]

Застапник / полномошник на барателот на информацијата: [redacted].

Врз основа на член 4 и член 12 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Службен весник на Република Северна Македонија број 101/2019), од имателот ја барам следната информација од јавен карактер:

**Ве молиме да ни ги доставите следните информации:**

1. Имињата и поединечните износи што им се исплатени на ангажираните домашни и странски пејачи, групи и изведувачи за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година и за периодот од 01.01.2024 до 31.08.2024 година.

2. За секоја од горе побараните исплати наведете колкав дел од исплатениот износ бил од буџетот на општината, а колкав дел бил од донации и/или спонзорства од фирми и поединци, со наведување на имињата на донаторите и/или спонзорите и нивниот поединечен износ за секоја исплата.

3. Наведете го датумот и манифестацијата на која настапувале ангажираните домашни и странски пејачи, групи и изведувачи за периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година и за периодот од 01.01.2024 до 31.08.2024 година.

Начин на кој Барателот сака да се запознае со содржината на бараната информација:

- а) увид
- б) препис
- в) фотокопија
- г) електронски запис
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

Начин на доставување на информацијата:

- а) по пошта
- б) телефон
- в) факс
- г) е-маил
- д) друго ______________________________

(се наведува бараниот начин, со заокружување)

(Правна поука: Барателот не е должен да ги наведе и образложи причините за барањето, но треба да наведе дека станува збор за барање за слободен пристап до информација од јавен карактер)

Во Скопје

Датум: 05.09.2024 година

Потпис:

[redacted]

[redacted]

[redacted]

**Датум:** 06.09.2024

**ДО:** [redacted]

(барател на информацијата)

**ПРЕДМЕТ:** Доставување на одговор по барање информација согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер до имателот на информации Општина Демир Хисар

**ВРСКА:** 0302-487/1 од 05.09.2024-ваш број,
18-857/1, 05.09.2024 наш број

Почитувани,

Согласно Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. Весник на РСМ бр. 101/2019) во прилог Ви се доставува Решение по бараната информација.

Во прилог Ви се доставува и:

-Информација

Со почит,

Игор Дамјаноски,
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
на Општина Демир Хисар

---------------------------------------

Врз основа на член 20, став 1 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по барањето информација од јавен карактер од барателот [redacted], поднесено на 05.09.2024 година, имателот на информацијата Општина Демир Хисар го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

[redacted], по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер во врска со исплати на ангажирани домашни и странски пејачи за 2023 година и дел од 2024 година на Општина Демир Хисар, се уважува.

**ОБРАЗЛОЖЕНИЕ**

Врз основа на барањето информација од јавен карактер доставено од [redacted] по предметот барање за пристап до информации од јавен карактер, имателот на информацијата Општина Демир Хисар, ја доставува информацијата во врска со исплати на ангажирани домашни и странски пејачи за 2023 година и дел од 2024 година на Општина Демир Хисар.

Имено барателот доставил барање за информација од јавен карактер на 05.09.2024 година со број 0302-487/1, заведено во архивата на Општина Демир Хисар на 05.09.2024 година под архивски број 18-857/1, кое е во согласност со член 10 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019) и затоа е одлучено како во диспозитивот на ова решение.

Во прилог:

-Информација,

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение може да се поднесе жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

Решено во Општина Демир Хисар на 06.09.2024 година, под бр. 18-857/2.

По овластување на Градоначалникот
на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со
информации од јавен карактер

____________________________

Игор Дамјаноски, раководител на одделение
за управување со човечки ресури

**-ИНФОРМАЦИЈА-**

1. За периодот од 01.01.2023 до 31.12.2023 година Општина Демир Хисар нема ангажирано странски и домашни пејачи, а со тоа не се извршени ниту исплати. Единствено за наведениот период се исплатени 40.000 денари на Домот на културата „Илинден“ Демир Хисар за поддршка при организацијата на музички настан-традиционалниот Рок Хепенинг во Демир Хисар кој се одржа на 20.08.2023 година со настап на исклучиво македонски бендови. Хепенингот е дел од Демирхисарското културно лето 2023 година.

2. За периодот од 01.01.2024 до 31.08.2024 година, се исплатени 12.000 денари плус 1.333 денари персонален данок, на лицето Марјан Паревски како претставник на „Здружението за музика, култура и уметност Секвенца“ од Битола за настап по повод одбележувањата на државниот празник „Илинден“ за 1 и 2 Август 2024 година во село Смилево, Општина Демир Хисар.

3. До овој момент не се извршени други исплати од овој карактер за 2024 година.

По овластување на Градоначалникот на Општина Демир Хисар
Службено лице за посредување со информации од јавен карактер
Игор Дамјаноски, раководител на одделение за управување со човечки ресурси

-------------------------------------